# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 17 / 2021
## 28.07.2021 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за отпочнување со работа на објектот „Темјанушка“ во состав на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**

Се објавува **Одлука за отпочнување со работа на објектот „Темјанушка“ во состав на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.07.2021година.

Бр.09-480/1
28.07.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.15 од Законот за локална самоупрва ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) чл. 99 ст.2 од Законот за заштита на децата ( Сл.весник на РМ бр. 23/13...198/18 и Сл.весник на РСМ 104/19...311/20) и чл. 79 ст.1 т.26 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник бр.3/06...13/20) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 28.07.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За отпочнување со работа на објектот „Темјанушка“ во состав на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**

**Член 1**

Со оваа Одлука отпочнува со работа објектот „Темјанушка“ со седиште на улица „Станко Франц Пипан“ бр. 5А Неготино кој е во состав на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Фемо Кулаков“ во општина Неготино.

**Член 2**

Објектот **„Темјанушка“** со седиште на улица „Станко Франц Пипан“ бр. 5А во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „**Фемо Кулаков**, ги исполнува условите согласно чл.100 од Законот за заштита на децата за отпочнување со работа.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино “.

бр.08 - 478/3
28.07.2021 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 17/2021


1. **Заклучок За објавување на Одлука за отпочнување со работа на објектот „Темјанушка“ во состав на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**
2. **Одлука за отпочнување со работа на објектот „Темјанушка“ во состав на ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ Неготино**